**ВНАТРЕШНО УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА**

**Септолете плус пастили**
Бензокаин, цетилпиридин хлорид

**двојно дејство**
**за болно грло**
**антисептик**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здраствени проблеми за кои не е потребно совет со доктор. И покрај тоа, треба да го употребувате внимателно за да Ви биде што повеќе од корист.
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации. Ако симптомите на Вашата болест не се подобрат во текот на 3 дена, тогаш мора да појдете на доктор.

**Во ова упатство**:
1. Што е Септолете плус и за што се употребува
2. Пред да земете Септолете плус
3. Како да го земете Септолете плус
4. Можни несакани ефекти
5. Чување на Септолете плус
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА СЕПТОЛЕТЕ ПЛУС И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Септолете плус пастилите поседуваат локално аналгетско и антимикробно дејство.Тие ја дезинфицираат усната празнина и грлото и локално ја ублажуваат болката.
Пастилите содржат антисептик цетилпиридин хлорид, кој делува на голем број бактерии и габички, а пред се инхибира развој на вируси. Со тоа ги ублажува воспаленијата во устата и грлото и превенира развивање на потешки бактериски инфекции. Поради својата добра растворливост и способност да го намалува површинскиот отпор, цетилпиридин хлорид пенетрира и до тешко достапните места на слузницата во устата и грлото, спречувајќи размножување на бактериите.
Бензокаин е локален анестетик, погоден за олеснување на болки при голтање, кои се чести придружни симптоми на инфекциите и воспаленијата во устата и грлото.
Септолете плус пастилите содржат малтитол и манитол. Не содржат шеќер кој е потребен за раст на бактериите. Погодни се за дијабетичари, не ги расипуваат забите, а антисептичкиот ефект е значително подобар кога антисептикот е во основа без шеќер.
Септолете плус пастилите се препорачуваат за олеснување на болката и дезинфекција:
- При полесни инфекции во устата и грлото (фарингитис, ларингитис, почетна ангина (јака болка во грло);
- При воспаленија на гингивите и оралната слузокожа (гингивитис, стоматитис);
- Превенција на настинка и грип.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ СЕПТОЛЕТЕ ПЛУС

**Немојте да го земате Септолете плус ако:**

- сте преосетливи (алергични) на бензокаин, цетилпиридин хлорид или на некоја друга од состојките на Септолете плус.

**Бидете посебно внимателни со Септолете плус ако:**
- Имате отворени рани во устата, бидејќи цетилпиридин хлоридот го успорува заздравувањето на раните.
- При посериозни инфекции придружени со зголемена температура, главоболка и повраќање советувајте се со лекар особено доколку симптомите не се подобрат за три дена.
- Пациентите со дијабет треба да знаат дека секоја пастила содржи 1 g малтитол. Поради бавната хидролиза и абсорпција во гастроинтестиналниот тракт, малтитолот има незначителен ефект на нивото на шеќер во крвта.

Септолете плус пастилите не се препорачуваат за деца под 6 годишна возраст.
Пациентите не треба да земаат повеќе пастили отколку што е препорачаната доза.

**Земање на други лекови**
Ве молиме информирајте го Вашиот лекар или фармацевт доколку земате или сте земале други лекови вклучувајќи ги и лековите без рецепт. Септолете плус пастилите не влијаат на ефектот на другите лекови.

**Земање на Септолете плус со храна или пијалок**
Не земајте Септолете плус веднаш пред оброк и заедно со млеко.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар пред да го земете лекот.
Септолете плус пастилите не се препорачуваат за употреба во текот на бременоста и периодот на лактација, поради тоа што нема доволно податоци за нивна безбедна и сигурна употреба кај оваа популација на пациенти.

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
Нема податоци дека Септолете плус пастилите влијаат врз способноста за возење и управување со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Септолете плус**
Септолете плус пастилите содржат малтитол. Доколку сте интолерантни кон некои шеќери, советувајте се со лекарот пред да го земете лекот.

## 3. КАКО ДА СЕ ЗЕМЕ СЕПТОЛЕТЕ ПЛУС

Секогаш земајте Септолете плус како што ви препорачал лекар. Консултирајте се со лекар за се што не сте сигурни.
Вообичаена доза за возрасни и деца поголеми од 12 години е 8 пастили на ден. Една пастила се растопува во устата на секои 2 до 3 часа.
Препорачана доза за деца од 6 до 12 години е 4 пастили на ден. Една пастила се растопува во устата на секои 4 часа.

**Ако сте земале поголема доза од Септолете плус отколку што треба:**

Предозирањето е речиси невозможно, поради ниската концентрација на активните компоненти во препаратот. При земање на поголеми дози од препорачаните, можат да се јават гастроинтестинални пореметувања: гадење, повраќање или дијареа. Доколку се јават некои од овие симптоми треба да се прекине со земање на лекот, да се испие поголема количина вода или млеко и да се консултира лекар или фармацевт.

**Ако сте заборавиле да го земете Септолете плус:**
Не земајте двојно поголема доза за да се надомести пропуштената.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ

Како и сите други лекови, Септолете плус може да предизвика несакани ефекти.
Кога пастилите се земаат во пропишаните дози, несаканите ефекти се многу ретки. Кај пациенти кои се преосетливи, дози повисоки од препорачаните може да предизвикаат гастроинтестинални пореметувања, поради иритација на гастроинтестиналната мукозна мембрана.
Многу ретко може да се појават знаци на преосетливост (алергија).
Доколку несаканите ефекти се посериозни или ако се појават други кои не се споменати во ова упатство Ве молиме информирајте го Вашиот лекар или фармацевт.

## 5. ЧУВАЊЕ НА СЕПТОЛЕТЕ ПЛУС

Да се чува на места недостапни за деца.
Да се чува заштитено од влага и светлина, на температура до 25°C.

**Рок на употреба**
Лекот не смее да се употребува по изминувањето на рокот на употреба, означен на пакувањето. Рокот на употреба се однесува до последниот ден од месецот.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Од што е составен Септолете плус**
- Активни супстанции се бензокаин и цетилпиридин хлорид. Секоја пастила содржи 5 mg бензокаин и 1 mg цетилпиридин хлорид.
- Помошни состојки се етерично масло од нане, левоментол, течен малтитол, малтитол, манитол, глицерол, рицинусово масло, магнезиум стеарат, безводна колоидна силика, повидон, фармацевтски восоци (пчелин восок, карнауба восок, шелак), титаниум диоксид (E171) и сина боја V (E131).

**Изглед на пастилите Септолете плус и содржина на пакувањето**
Пастилите се сино обоени, округли и биконвексни и сјајни.
Пастилите се достапни во кутија со 18 пастили во блистер пакување. Секоја кутија содржи 2 блистера со по 9 пастили.

**Начин на издавање**
Може да се издава без лекарски рецепт во аптека или специјализирани продавници.

**Производител**
KRKA, d.d., Novo mesto, Šmarješka cesta 6, 8501 Novo mesto, Slovenia

**Носител на одобрението за ставање во промет**
КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје, Сервисна зона југ, реон 40, Новопроектирана б.б., 1000 Скопје, Р. Македонија

**Упатството е одобрено**
30.01.2009